Увата
Дпб
23.02.15

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До**
**Државен завод за ревизија**
**Ул. „Македонија“, бр.12/3, Палата Македонија**
**1000 Скопје**

**За**
**Главен државен ревизор, м-р Тања Таневска**

**Бр. 03-1199/2**
**Скопје 19.02 2015г.**

24.02.2015
11-266/3

Архивски знак:
Рок на чување:
20 ___ год.
Потпис.

**Предмет: Доставување пописна документација**

Почитувана,

По повод доставениот Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.11-266/2 од 13.02.2015 година (наш бр.03-1199 од 16.02.2015 година), а во врска со утврдената состојба во точка „2.2.2“ од Нацрт-Извештајот - „Инвентарисување на средствата и обврските“ Ве известуваме за следното:

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги веднаш постапи согласно дадените препораки на завршниот состанок со лицата одговорни за раководење со субјектот одржан на ден 19.12.2014 година, така што донесе Одлука, бр.02-6448/1 од 23.12.2014 година, со која формираше нова комисија за попис (која Одлука ја достави до Државниот завод за ревизија). Комисијата го спроведе пописот на средствата и обврските на Агенцијата за 2014 година, во согласност со Законот за сметководството на непрофитните организации, Правилникот за сметководство на непрофитните организации и насоките дадени од страна на ревизорскиот тим.

Во врска со напред наведеното, во прилог на овој допис (Прилог бр.1) Ви го доставуваме Извештајот и пописните листи од извршениот попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалните и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со состојба на 31.12.2014 година, бр.01-919/1 од 05.02.2015 година.

Ве молиме доставената пописна документација, да ја земете предвид при изработката на конечниот Ревизорски извештај од извршената ревизија во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Прилог: (1)
1) Извештај и пописни листи (снимени на ЦД)

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Бул. ВМРО бр.3**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**